ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ

Акционерско Друштво за осигурување
ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ
Бр. 0202 - 28/22
05. 12 2019 год.
Скопје

# УСЛОВИ
# ЗА КОМБИНИРАНО ОСИГУРУВАЊЕ ПРОДАВНИЦИ И УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ

Скопје, декември 2019 година

Усвоена со одлука на Управен одбор број 28/21 од 05.12.2019 година

Условите за комбинирано осигурување продавници и услужни дејности (во понатамошниот текст: текст на полисата) го содржат севкупното осигурително покритие што може да се добие со пакет полиса за продавници и услужни дејности.
Секоја секција обезбедува различен вид покритие.

Покритието не следува по автоматизам за секоја секција. Во полисата се наведуваат секциите што се осигурени.

Ве молиме, прочитајте ја полисата и ако имате нешто нејасно, контактирајте со нас. Посебно проверете дали сите податоци во полисата се точни, особено износот на кој е осигурен имотот претставен со „сума на осигурување“.
Во никој случај не се плаќа повеќе од сумата на осигурување. Во некои секции, ако не ви е осигурен имотот на цела вредност, тогаш и износот на штетата се намалува.
Со задоволство ќе ви помогнеме доколку имате некои прашања.

Ви благодариме што се осигуривте кај нас.

# ИНФОРМАЦИИ ЗА КЛИЕНТОТ

## 1. Информации за полисата

Ова е текстот на полисата. Тој ви објаснува:
- што покрива полисата;
- што не покрива полисата;
- како да се поднесе оштетно побарување;
- висина на франшизата (ваше учество во оштетата);
- други услови.

Податоците за осигурување, кои се лично за вас, наведени се во полисата. Посебно е важен датумот кога завршува осигурителното покритие.

Ве молиме, внимателно да ја прочитате полисата и да ја чувате на сигурно место.

## 2. Ваша должност за искреност

Со Законот за облигациони односи, должни сте да ни кажете сè што знаете (или разумно би се очекувало да го знаете во овие околности ), а е важно за да донесеме одлука да ве осигуриме како и за условите под кои ве осигуруваме.

Оваа должност важи пред да склучите договор со нас, односно пред да го прифатиме вашето барање, како и пред секое менување или обнова на полисата. Секое лице именувано како осигуреник има иста должност.

## 3. Казна за неискреност

Ако не кажете сè што е релативно за нас, може:

* да се намали или да се одбие да се исплати штета;
* да ви се откаже полисата, или
* да се поништи полисата од самиот почеток и да немаме обврска од неа доколку вие постапувате нечесно.

## 4. Не мора да ни кажете ништо за тоа што:

- го намалува ризикот;
- е општо познато;
- веќе го знаеме или треба да го знаеме во редовното работење, или
- покажуваме дека не сакаме да го знаеме.

Ако не сте сигурни дали нешто е важно, најдобро е сепак да го кажете искрено. Исто така, веднаш известете нè за сите промени што можат да влијаат на полисата.

## 5. Доказ за вредноста

Ве молиме, зачувајте ги фактурите, другите документи за купување или доказ за вредноста на целокупниот имот осигурен со оваа полиса, за да се докаже износот за секоја штета доколку поднесете оштетно побарување по оваа полиса.

6. Целосно осигурување - заштитете ги вашите средства

Ако сте одбрале да го осигурите објектот и предметите во него (со исклучок на стока), за трошоци за повторна изградба, поправка и замена, сумата на осигурување треба да ја претставува полната вредност за замената со цена на нов ист таков имот и ако тоа не се изврши, тогаш штетите не се плаќаат во целост, туку во ист оној дел во кој сумата на осигурување е содржана во цената на новиот таков имот. Вашата одговорност е да обезбедите адекватност на сумите на осигурување и тие треба да се проценат повторно за време на склучување на осигурувањето, но и пред обновата, секоја година.

7. Гаранција за враќање на парите

Доколку не сте целосно задоволни, откако ќе ја прочитате полисата, ве молиме да контактирате со нас да разговараме за вашите проблеми.

Ако и покрај тоа не сте задоволни со полисата, вратете ја заедно со додатната полиса во рок од 14 дена од приемот, ќе ја поништиме од почеток и ќе ги рефундираме парите што сте ги платиле, освен ако веќе сте поднеле оштетно побарување по таа полиса.

Наша согласност

Се согласуваме да ви дадеме осигурително покритие како што е наведено во сите секции од полисата што се наведени во додатната полиса како осигурени.
Вие се согласивте да ни ја платите премијата, која е наведена во тековната додатна полиса.
Осигурителното покритие е во сила според периодот на осигурување утврден во додатната полиса и подлежи на задоволување на сите услови за плаќање на целата премија.
Не се плаќа повеќе од сумата на осигурување, или лимитот на одговорност за секоја секција што е наведена во полисата.
Не се плаќаат франшизите наведени во полисата. Ако една штета предизвика да се поднесат оштетни барања за повеќе од една секција од полисата, тогаш мора да се одбие највисоката франшиза, но ќе се одбие само една франшиза.

ОПШТИ ДЕФИНИЦИИ ШТО
ВАЖАТ ЗА СИТЕ СЕКЦИИ ОД ПОЛИСАТА

Каде и да се користат подолу наведените зборови од текстот на полисата, тие го имаат следното значење:

„Бизнис" - вашата комерцијална дејност или занимање објаснето во полисата кое се врши на, во и од локацијата (и ништо друго за примена на ова осигурување).

„Работно време" - работното време (вклучена и прекувремена работа) во кое вие и вашите вработени сте во вашите простории за извршување на дејноста.

„Франшиза" - износ наведен во полисата, кој ви се одбива од секоја штета што произлегува од еден штетен настан во таа секција од полисата (учество во штета од ваша страна).

„Пазарна вредност“ - набавна вредност на предмети од сличен вид, старост и состојба, со водење сметка за специјалните особини, ако ги има. Користени упатства за цени или други податоци може да се користат како помагала во утврдување на пазарната вредност.

„Локација“ (II) - местото / местата наведени во полисата.

„Пари“ - готовина, меници, преносливи инструменти, чекови, поштенски меници, поштенски налози за пари, преносливи хартии од вредност, поштенски марки, кредитни картички, ваучери, тикети од инстант-лотарија, билети за автобус или за превоз, телефонски кредитни картички или кредити од машини.

„Период на осигурување“ - времетраење на полисата за период утврден во додатната полиса, или секој период на обнова за кој се плаќа соодветна премија за секој поединечен случај.

„Полиса“ - полисата заедно со додатната полиса, одобрение и услови од полисата за релевантниот вид осигурување.

„Сеф или каса“ - контејнер или конструкција посебно проектирана за безбедно чување на парите или вредностите, а проектирана да ја штити содржината во него од пожар и од неовластено отворање со рачни средства, или со средства на струја.

„Дополнителна полиса“ - тековна полиса за осигурување, која има број и се издава од наша страна или во наше име.

„Ние“, „нас“ или „наш“ – ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ.
„Вие“ или „ваш“ - осигуреникот наведен во полисата.

## СЕКЦИЈА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ИМОТ
(од пожар и од други осигурени настани)

1. Дефиниции што важат за оваа секција

„Објекти“ - значи градежни објекти - згради на локација што е ваша сопственост, или за која сте законски одговорни, вклучувајќи:
- севкупната вградена опрема, сите вградени инсталации, подземни и надземни делови на објектите, и
- ѕидови, порти, огради и сите други конструкциски подобрувања на локацијата.

„Главни доградби“ - значи адаптации и доградби на градежните објекти, започнати за време на периодот на осигурување.

„Предмети во објектите“ - значи сите предмети што се користат во фирмата која е ваша сопственост, или за кои вие сте законски одговорни и стоките на клиентите што не се осигурени, а се наоѓаат во објектите.

Како предмети во објектите не се вклучени:
- возила на механички и на електричен погон;
- карвани или приколки;
- пловило или авион;
- пари, накит, крзна, часовници и скапоцени или полускапоцени камења;

- трговска стока или примероци.

„Поплава" - поплавување на нормално суво земјиште од вода што се излева од, или се ослободува од нормално корито на природен тек на вода, или езеро (без оглед дали е, или не е изменето или модифицирано ), или брана, резервоар или канал.

„Податоци или документи" - значи податоци во писмена форма, отпечатени, филмувани, или снимени на ленти (вклучени и компјутерски податоци), дела, планови или скици, или друг вид документи кои се:
- користат во компанијата;
- во објектот на наведената локација, и
- се во ваша сопственост, или вие ги чувате во редовниот тек на работата на компанијата.

„Вода" - вклучува снег, шушлек или град.

„Надоместок" - значи новонабавна вредност во готови пари на имотот со одбивање на старост, истрошеност и амортизација.

2. Покритие
Се врши надоместок до лимитот наведен во полисата, во однос на физичка загуба или оштета на:
2.1. Имот:
(а) објекти;
(б) предмети во објектите;
(в) ако сте закупник на локацијата само за осигурување на секцијата имоти, во предмети во објектите се вклучени и:
I. вградени делови и преправки од ваша страна и;
II. објектите (за кои вие сте одговорни според договорот за наем), но само за штети предизвикани од обид за кражба;
(г) стока, преработена и непреработена, или е во тек на производство, која е ваша сопственост или законски сте одговорен за неа, вклучувајќи ја целата стока што може да ја стекнете во периодот на осигурување;
(д) објекти на самото место, и тоа складишта, соблекувални, канцеларии на местото или истите се лоцирани каде и да е во Р. Македонија (објектите во тек на изградба или монтажа се исклучени);
(ѓ) други интереси на начин дефиниран во основната полиса.

2.2 За изгубена наемнина (плус трошоци утврдени или одредени во наемот) кои вие ги плаќате, или ви се плаќаат додека просториите се ненаселени како последица на штетата од осигурен настан, директно предизвикани од осигурените настани од точка 3;

2.3. Следните предмети и залиха на стока ќе ви бидат надоместени до нивната пазарна вредност, но најмногу до денарската противвредност според средниот курс на Народна банка на Р. Македонија на наведените лимити во евра и не можат да се осигуруваат на повисок лимит:
- документ, картичка, договор за дело, лента, транспарент, најмногу до 250 евра;
- шише вино или жесток алкохолен пијалак, до 12 евра;
- уметничко дело - до 375 евра;
- лични предмети - по едно лице, до 125 евра.
По еден осигурен настан, износот што го надоместуваме за имотот наведен во точките а), в) и г) нема да ја надмине денарската против вредност од 750 евра според средниот курс на Народна банка на Р. Македонија.

3. Осигурени настани

3.1. Пожар

3.2. Удар на гром
Со осигурување не се опфатени штетите на осигурени електрични апарати настанати од дејство на електричната енергија од какви било атмосферски влијанија (пренапон, загревање, статички потенцијал и др.).

3.3. Ветер и вода
Ветер и вода, вклучувајќи и вода излеана од водени текови, цевки, олуци, водоводни цевки, резервоари, фиксирани апарати што се користат за чување или за пренос на вода, но не и штета од:
а) морска вода, напливен бран, високи води, поплава, ерозија, слегнување на почвата, лизгање на земјиштето, калиште или слегнување;
б) од пареа или кондензација;
в) од вода што се излева однадвор;
г) на порти, огради, потпорни ѕидови, текстилни настрешници, ролетни, или знаци, или
д) на имот што е на отворено, освен ако тој имот сочинува дел од постојаната структура проектирана да функционира без заштита од ѕидови или покриви.

Реалните трошоци направени при лоцирање на изворот на осигурена штета, кога таква штета настанала при прснување, или истекување на довод на вода, цевки, олуци, водовод и канализација, резервоари или фиксирани апарати што се користат за чување, или за пренос на вода, се вклучени до износот на денарската противвредност на 1.000 евра според средниот курс на Народна банка на Р. Македонија во периодот на осигурување.

3.4 Истекување од спринклер
а) вода што се ослободува, или истекува од автоматски спринклер, од инсталации за натопување, или од резервоар поврзан со нив;
б) одобрениот надоместок ги вклучува и трошоците за присуство противпожарна единица со цел да го затвори доводот на вода по ослободување на водата од автоматскиот спринклер, или трошокот за отстранување на водата, или операциите за чистење. Трошоците се врз основа на службената полиса за надоместоци која постои пред да настане штетата.

Но, оваа клаузула 3.4 не ги вклучува трошоците за расчистување загадени материи што поминале преку границите на локацијата, или навлегле во градскиот водоводен систем, или во потоци, или канали со вода.

3.5. Штети настанати од:
а) друмски и шински возила;
б) животни, освен животни што се чуваат во простории.

3.6. Експлозија
Сите експлозии, вклучени и оние на бојлери (котли) што се користат само за сопствени намени, но со исклучок на:
а) штети на самите бојлери (котли) и/или економизери и/или садови под притисок и нивната содржина како последица од нивно експлодирање;
б) штета на имот осигурен со друга полиса што покрива експлозија на котел или истекување

од спринклер, освен за износ над оној што се плаќа за штета на имот покриена со другата полиса.

3.7. Бунт и штрајкови
Дејства на:
а) лица што учествуваат во граѓански немири и штрајкови, но се исклучува штета предизвикана директно или индиректно со целосен, или со делумен прекин на работа или забавување, или прекин, или затворање на процес или работење;
б) законско воспоставување власт во врска со дејства од клаузулата 3.7(а).

3.8. Вандализам, злонамерна штета
Дејство на вандали или на лица со злонамера (вклучени и лица што вршат кражба или обид за кражба), но се исклучува:

I. штети предизвикани од станари;
II. од лица наведени во осигурен настан 3.7.
III.кражба на имот, со тоа што:
а) учествувате со денарска противвредност на 100 евра според средниот курс на Народна банка на Р. Македонија (или износ наведен во полисата кој ќе биде поголем) во секоја штета што произлегува од еден осигурен настан и;
б) полицијата веднаш да се извести за секоја штета.
Не се плаќа штета од осигурен настан што може да се осигури во секцијата за стакло во оваа полиса.

3.9. Штета од несреќен случај
а) Штета на објекти, предмети во нив и на залихи предизвикани од несреќен случај, освен штета предизвикана од:

I. осигурени настани од 3.1 до 3.8, или од кој било настан или околност исклучени од тој дел;
II. кражба или обид за закана или вооружен грабеж;
III. дејство на измама или нечесност од vашите вработени;
IV. истрошеност, избледување, изгребување или спојување, постепено расипување, или дефекти што се проширувaат, нормално одржување, или подобрување;
V. птици, молци, термити и други инсекти, штетници, 'рѓа или оксидација, мувла, мов, влажно или суво гниење, корозија, промена на боја, влажност на атмосфера, или други промени во температурата, испарување, заболување, вродена или скриена мана, губење на тежина, промена на вкусот, составот или финишот;
VI. грешка или попуст во проектот, планот или спецификацијата, или неуспешен проект;
VII. погрешни материјали или погрешно изведени занаетчиски работи;
VIII. секој налог на влада, јавна или на локална власт, вклучувајќи конфискација, национализација, условување, повторно поседување или штета на имот;
IX. неправилна местоположба на објектите како последица на неточен проект, или спецификација;
X. необјаснет недостиг на канцелариски материјали, необјаснето исчезнување, исчезнување како последица на грешка на референт, или сметководител или кусок во испорака, или при испорака на материјали до и од вас;
XI. последователна штета од кој било вид;
XII. расипување машини, расипување електрични или електронски уреди, експлозија на котел и садови под притисок, или имплозија;
XIII. вирус во компјутер;
XIV. лице што намерно ја исклучува, или ја прекинува струјата.

б) Не се покрива штета на:
I. џбунести и растенија во саксии;
II. животни, птици, риби и други живи суштества;
III. имот во транспорт;
IV. предмети осигурени во секцијата за стакло од оваа полиса;
V. имот во текот на и како резултат на негова обработка;
VI. дополненија на главнината кога вредноста на работата надминува 10% одосигурената сума;

в) Вкупната сума платива согласно со осигурениот настан од 3.9 за секоја предмет, или предмети што подлежат на штета од еден осигурен случај се лимитира на помалиот износ од:

I. сумата на осигурување на тој предмет или;
II. износ еднаков на 10% од вкупната сума на осигурување на локацијата до максимум 30.000,00 денари, така што учествувате со 100 евра според средниот курс на Народна банка на Р. Македонија во денарска противвредност (или износот утврден во полисата, кој и да е поголем) за секоја штета што произлегува од еден осигурен случај.

4. Дополнителни бенефиции

Со осигурување се покрива и:

4.1. Имот привремено преселен
Имот што е привремено преселен од локацијата во други простории во Р. Македонија (и превозот дотаму и назад), со исклучок на стоката што е продадена и се транспортира со клиентот, до износот од 10% од осигурената сума на предметите и залихата, но само доколку сумата на осигурување за тој предмет не е исцрпена поинаку.

Осигурен случај 3.11 (штета од несреќен случај) не важи за оваа точка дополнителни бенефиции.

4.2. Провизија за архитекти и друго
Провизијата за архитекти, за лица што вршат надзор и правни работи, сите настанати заради поправка или повторна изградба на оштетениот имот од настанатата штета за која се прифаќа оштетно барање од овој дел, но само до износ од 1.000 евра според средниот курс на Народна банка на Р. Македонија во денарска противвредност, ако сумата на осигурување за тој предмет не е поинаку потрошена.

Се покрива како дополнение на сумата на осигурување наведена во полисата за предмети (онаму каде што е соодветна).

4.3. Зголемување на максимален период
Зголемување на максимален период од 30% на сумата на осигурување на залихи во текот на идните периоди (освен ако поинаку е прикажано во полисата):
а) од 01.11. до 31.12. вклучени и двата дена;
б) од 01.03. до 30.04. вклучени и двата дена.

4.4. Препис на податоци од книговодство
Цената на референтска работна сила потрошена за истражување на трошоците и за препишување документи и деловни книги оштетени како последица на осигурен настанат

случај, но само до лимитот од десет проценти од сумата на осигурување на предметите и залихите.

4.5. Дополнително зголемување на капиталот
Новонабавените основни средства, како и зголемување на вредноста на постојаниот капитал (подобрување, поправки, измени и сл.) на осигурениот имот, исклучувајќи залиха, до износ од 10% од сумата на осигурување за тој имот, или износот наведен во полисата, кој од нив е поголем.

4.6. Трошоци на гаснење пожар
Трошоците за гаснење пожар од максимум 3.000 евра според средниот курс на Народна банка на Р. Македонија во денарска противвредност опфаќаат:
а) надоместок за вашите вработени;
б) трошок за пополнување противпожарни средства, или штета на материјали (вклучувајќи облека и лични предмети на вработените), освен ако не се поинаку посебно осигурени;
в) трошоци за кои сте обврзани согласно со Законот за пожарите, или со слична регулатива, со тоа што нашата одговорност е лимитирана на трошоците што се потребни, или разумно направени при гаснење пожар, или се граничи со локација на осигурениот имот од оваа полиса, или директно се заканува да се прошири на тој имот.

4.7. Отстранување урнатини, привремени поправки, или привремена заштита
Трошоците за отстранување, чување или ослободување од урнатини илизадржување, демонтажа, вградување потпора, потпорни елементи, или други привремени поправки или привремена заштита како директна последица на осигурениот настан до максимален износ од 3.000 евра според средниот курс на Народна банка на Р. Македонија во денарска противвредност или износ наведен во полисата, кој од двата е поголем.

4.8. Средства за работа, опрема, лични средства или облека на работникот
Трошокот за средствата за работа, опремата, личните средства и облеката на работникот, кои не се осигурени на друг начин од штета како последица од осигурен настан на локацијата до максимален износ од 1.000 евра според средниот курс на Народна банка на Р. Македонија во денарска противвредност, или износ наведен во полисата, кој од двата е поголем.

4.9. Уредување дворна површина
Без оглед на клаузулата 3.9. (б) (II), трошоците за отстранување на штетата на дворната површина во кои се вклучени дрвја, џбунести растенија, билки и тревници, вклучително и трошоци разумно настанати за чистење, расчистување или поправка на водовод, олуци, канализација, цевки, резервоари или фиксирани апарати, а кои се последица од осигурениот настан (освен од настан 3.3.) се покриени максимум до износот од 300 евра според средниот курс на Народна банка на Р. Македонија во денарска противвредност.

5. Основица за ликвидирање штета
(Дел за имоти)

Освен ако поинаку не е договорено во полисата, штетите ќе се ликвидираат врз основа на трошоците за повторна изградба, поправка, замена и дополнителни трошоци и тоа:

5.1. Повторна изградба, поправка и замена.

„Повторно поставување и замена" значи:
а) во случај на штета од осигурен ризик на градежните објекти ќе платиме во висина на

трошоците за повторна изградба, поправка, или замена на уништениот или оштетениот објект според цените за изградба за иста или слична градба (конструкција) во местото на кое се наоѓа објектот, под услов повторната изградба, поправката или замената да започнала во рок од 6 месеци од денот на настанување на штетата и завршила во разумен рок. Доколку вие не ја започнете повторната изградбата, поправката или замената на оштетениот објект, ќе платиме до височина на надоместокот (види на почетокот на секцијата, во дефиниции) за настанатата штета.
Во секој случај, нашата обврска не ја надминува сумата на осигурување на оштетениот градежен објект.

5.2. Штета на предмети и залиха:
- во случај на штета од осигурен ризик на предмети, ќе платиме во висина на надоместокот (види на почетокот на Секцијата, во дефиниции) за настанатата штета, доколку не е договорено поинаку. Во секој случај, нашата обврска не ја надминува сумата на осигурување на оштетениот предмет;

- во случај на штета на залихи од осигурен ризик, ќе платиме во висина на набавната цена на оштетена стока, или нејзината пазарна вредност, во зависност која е пониска. Во секој случај, нашата обврска не ја надминува сумата на осигурување на оштетена стока.

5.3. Дополнителен трошок
Се плаќа за имот (исклучена залиха) осигурен во оваа серија и за дополнителен трошок за повторно поставување, вклучувајќи и уривање и демонтажа на имотот извршени неопходно за исполнување на барањата за извршување на работите во моментот на повторно поставување:

(а) кој било закон од парламентот, или пропис извршен од нив или;
(б) закон или пропис на општинско, или друго законодавно тело.
(I) работата за повторно поставување (која може целосно, или делумно да се изврши на друго место ако горе наведениот закон, правило или пропис од општинско или друго законодавно тело ако поставува барање, но со тоа што нашата одговорност нема да се зголеми), мора да се започне или да се спроведува со законски рок на извршување, а ако тоа не се изврши во рокот, ние не сме одговорни да извршиме плаќање на износ над износот што би го платиле во оваа секција, ако оваа клаузула не била вклучена во истиот;
(II) обесштетувањето не вклучува дополнителни трошоци согласно со овој закон, пропис, законско барање или друго барање, кои требало да се усогласат пред настанувањето на штетата;
(III) клаузула 6 не важи за износот што се обесштетува согласно со оваа клаузула;
(IV) ако трошоците за реставрација на штетата директно предизвикана од кој било осигурен настан е помала за 50% од трошокот што би настанал за реставрација на осигурениот имот ако тој е уништен, износот што би се надоместил:
а) ќе се лимитира за дополнителен трошок потребно направен за реновирање само на оштетениот дел;
б) не вклучува дополнителен трошок за дел од имотот што не е оштетен;
в) во никој случај, не преминува, износ што мора да се плати во случај ако целиот имот бил уништен.

6. Соосигурување – услов

6.1. Доколку сумата на осигурување на оштетениот имот на денот на штетата не изнесува

најмалку 90% од неговата вредност (за објекти - градежна вредност на нов објект, а за предмети пазарна вредност), од штетата ќе ја исплатиме во ист однос во кој сумата на осигурување се содржи во вредноста на оштетениот имот, со тоа што нашата одговорност не ја надминува сумата на осигурување утврдена за секој предмет во полисата.

6.2. Овој услов не важи ако износот на штетата не надминува 5% од вкупната сума на осигурување на локацијата.

СЕКЦИЈА КРАЖБА

1. Дефиниции

„Имот" - стока или предмети како што е наведено, осигурени на вредност наведена во полисата.

„Стока" - стока на залиха што ви припаѓа вам или за која вие сте законски одговорни, вклучувајќи ја целата стока за која вие можете да добиете осигурителен надоместок (корист) во периодот на осигурување (но не вклучува тутун, цигари, пури и жестоки алкохолни пијалаци со повеќе од 20 степени алкохол);

„Предмети" - сите предмети што се користат во бизнисот, вклучувајќи алати од склад, подвижна фабрика (исклучувајќи стока или моторни возила), канцелариски уреди и опрема, мебел, вградени елементи, електрични уреди и постојани машини (уреди).

2. Покритие

Ќе ви платиме до лимитите наведени во полисата, намалени за вашето учество во штета, за загуба или оштета на:
а) предмети, за кои ќе ја исплатиме вредноста за замена во времето на нивната загуба или оштета;
б) стока за која ќе ја исплатиме вредноста во времето на нејзината загуба, или оштета;
в) или по наш избор ќе ги обновиме или ќе ги замениме таквите предмети, или стока, или кој било дел од нив како последица на:

2.1. Кражба или обид за кражба, кој резултира од вистинско присилно и насилно влегување во кој било дел од објектот на локацијата;

2.2. кражба или обид за кражба, кој резултира од лице скриено на локацијата, следено од неговото/нејзиното излегување од таму по работните часови;

2.3. Напад или насилство, насилно заплашување или закана за вас или вашите вработени;

2.4. Кражба, подметнување или нечесност од некој од вашите вработени, доколку кражбатае откриена во рок од 21 ден од нејзиното настанување и нашиот лимит на одговорност, во кој било период од осигурување, нема да биде повисок од 500 евра според средниот курс на Народна банка на Р. Македонија во денарска противвредност;

Но исклучувајќи ја секоја загуба од:

- кражба во која е вклучен кој било член од вашето семејство;
- кражба од кој било отворен простор, без разлика дали тој е заграден илинезаграден, надвор од ѕидовите на зградата.

3.Исклучоци

Нема да се покрие загуба или штета на;
3.1. Пари;

3.2. Документи, пробни примероци, модели, калапи, планови и проекции (нацрти), освен ако не се наведени во полисата;

3.3. Тутун, цигари или пури, жестоки алкохолни пијалаци, освен ако не се наведени во полисата.

4. Дополнителни бенефиции

4.1. Замена на брави
Во дополнение на вкупната сума на осигурување од полисата, исто така ќе исплатиме сума во денарска противвредност еднаква на 500 евра според средниот курс на Народната банка на Р. Македонија за трошокот за прекодирање или за заменување брави чии клучеви се изгубени или за трошокот за заменети клучеви.

Ова дополнително покритие се применува само за загуба или штета што е последица на штета на брави што обезбедуваат надворешни врати, прозорци и други излези од просториите. Покритието е ограничено до трошокот за замена на тие брави со други брави од сличен вид квалитет.

4.2. Алати, опрема, предмети во лична сопственост и облека
Во дополнение на сумата на осигурување од полисата, исто така, го покриваме трошокот за алати, опрема, предмети во лична сопственост и облека на вработените, кои не се поинаку осигурени од загуба, или штета на локацијата, најмногу до 500 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Р. Македонија, или до износот прикажан во полисата, кој може да е поголем.

4.3. Период на максимално зголемување
Период на максимално зголемување од 30% на сума на осигурување за стока се применува за време на следните периоди (освен ако не е поинаку наведено во полисата):
(а) од 60 дена и тоа од 01.11. до 31.12. вклучувајќи ги двата дена;
(б) од 60 дена и тоа од 01.03. до 30.04. вклучувајќи ги двата дена.

СЕКЦИЈА ПАРИ

1. Покритие

Ќе извршиме надоместок до лимитите наведени според секоја точка во полисата, намалени за вашето учество во штета, во случај на кражба на пари од ваша сопственост и поврзани со бизнисот и тоа:

1.1. Во транзит каде било во Р. Македонија, или во банкарски ноќен сеф. Надоместоците и платите во транзит ќе бидат покриени додека не бидат исплатени, но доколку не се исплатат до крајот на работните часови на денот на транзитот, лимитот на покритието ќе се ограничи на 40% од стварните надоместоци и плати во транзит, со обврска тие во време по работните часови да се чуваат во безбедно заклучен сеф или во трезор;

1.2. Во објектот (и) за време на работните часови;

1.3. Во објектот (и) по работните часови;

1.4. Во објектот (и) додека се чуваат во заклучен сеф или трезор;

1.5. За оштетување сефови и трезори.

2. Дополнителна бенефиција

Период на максимално зголемување

Период на максимално зголемување од 30% на сумата на осигурување за стока, се применува за време на следните периоди (освен ако не е поинаку наведено во полисата):

а) од 60 дена и тоа од 01.11. до 31.12. вклучувајќи ги двата дена;
б) од 60 дена и тоа од 01.03. до 30.04. вклучувајќи ги двата дена;
в) на службено објавени јавни или празници на банката, тој период да ги вклучува поврзаните викенд периоди. Нашата одговорност според оваа клаузула ќе престане со часот на затворање на банката во првиот работен ден по завршување на објавените празници.

3. Исклучоци

Ние нема да покриеме загуба на пари:

3.1. Заради кусок што резултира од административни или сметководствени грешки или загуби како последица на грешки во примања или исплата;

3.2. Која не е откриена во рок од 7 работни дена од настанатиот случај;

3.3. Како последица на подметнување или нечесност од ваша страна или од кој било член на вашата фамилија, директори или партнери;

3.4. Повеќе од 1.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Р. Македонија за време на кој било период од осигурување од или преку таен злонамерен договор, или каков било чин на подметнување, или нечесност од кој било од вашите вработени;

3.5. Превезувани од професионални превозници на пари, професионални превозници или обични превозници;

3.6. Од кое било возило кое е без придружба (напуштено);

3.7. Од секој сеф или трезор што е отворен со клуч, или со користење податоци од комбинација кои биле оставени во деловните простории во време на работните часови.

СЕКЦИЈА ЗА КРШЕЊЕ УРЕДИ

(Крш машини)

1. Дефиниции

За потребите на оваа секција се аплицираат следниве битни дефиниции:

„Осигурен предмет" - сите електрични, електронски и машински уреди и фабрики (погонска опрема) и кои било парни котли и садови под притисок користени од вас и бизнисот.

„Штети" - ненадејна и случајна физичка загуба или штета, освен ако не е последица од:
- осигурените настани од 3.1. до 3.9. и ограничувањата кон нив наведени во секцијата Имоти од оваа полиса;
- загуба или оштета што се осигурува под секција кражба на оваа полиса;
- кои не се посебно исклучени на друг начин, настанати во периодот на осигурување и имаат потреба од поправка или замена за да овозможат континуираност во употребата.

„Експлозија" - ненадејно и насилно откинување (отцепување) од постојаната структура на парниот котел или сад под притисок со присилно дејство на внатрешна ареа, течност, воздух, гас или притисок од издувен гас, причинувајќи телесно дислоцирање на кој било дел од структурата заедно со присилно исфрлање на неговата содржина.

„Учество во штета" - износот наведен во полисата, кој вие ќе го сносите за секоја и сите штети.

Учеството во штети е прикажано во полисата како:
а) наведена сума (наведениот износ);
б) процент од штетата (парична противвредност од тој процент).

2. Обем на покритие

2.1. Физичко оштетување на уред, парен котел и садови под притисок.
Ќе ви ја надоместиме осигурената оштета, под услов осигурениот предмет што бил оштетен, да е во самата локација и е во редовниот тек на работење во времето на настанување на штетата. Износот што ние го плаќаме ќе биде пресметан во согласност со основите на клаузулата за регулирање, ствари на примена на вашето учество во штетата и нема да го надминува лимитот на одговорност наведен во полисата.

2.2. Физичко оштетување друг имот.
Ако осигурената отштета го зголемува обесштетувањето спрема горе наведената клаузула 2.1. резултира во физичко оштетување причинето на друг имот, кој е во ваша сопственост или за штета за која сте вие одговорни, причинета од летачки делови од осигурениот предмет, под услов во времето на тоа оштетување другиот имот да се наоѓа на самата локација, ќе ви надоместиме за поправка, обнова или замена на тој оштетен имот, под услов нашата вкупна одговорност според оваа потклаузула 2.2. заедно со износот што се плаќа во врска со штетата спрема клаузулата 2.1. да не го надминува лимитот од одговорност за клаузулата 2.1. наведен во полисата.

3. Основи на регулирање
(Се применува на физичко оштетување уред, парен котел и садови под притисок на друг имот).

3.1. Штета што се поправа

3.1.1. Ние ќе ви ги платиме:
а) сите потребни трошоци направени за поправка на оштетениот осигурен предмет во

првобитната состојба;
б) трошоци за демонтирање, за вршење поправка и за повторно монтирање;
в) трошоци за нормален превоз до и од местото на поправка;
г) царинските давачки.

3.1.2. Ќе ви ги надоместиме и дополнителните реално направени трошоци за работа која се врши, а се плаќа прекувремено или за време на државни празници, за итен превоз во рамките на Р. Македонија, со тоа што овие трошоци да не надминуваат 50% од трошоците за спроведување на замената по редовни цени.

3.1.3. Ќе ја одбиеме вредноста за спасување од износот што ние го надоместуваме.

3.1.4. Нашата целосна одговорност за сите пари што ги плаќаме, не го надминува лимитот на надоместок за секој осигурен предмет или повеќе осигурени предмети заедно кои се наведени во полисата.

3.1.5. Доколку поинаку не е договорено, од трошоците во точките 3.1.1. до 3.1.4. ќеја одбиеме староста, истрошеноста и амортизацијата на оштетениот предмет.

3.2. Тотална штета

3.2.1. По наша оценка може:
а) да го замениме осигурениот предмет со ист и со иста старост, или
б) да го платиме трошокот за добивање на истиот предмет за замена или добивање ист предмет ако во моментот на оштетување не е постар од 5 години или да ја надоместиме пазарната вредност на ист таков предмет (со иста старост ) каков што бил пред настанување на штетата, дури и во случај да бил постара од 5 години во моментот на штета.

3.2.2. Исто така, ќе ги надоместиме реално и потребно направените дополнителни трошоци за работа што се врши и плаќа прекувремено или за време на државни празници, за итен превоз во рамките на Р. Македонија (ограничен за превоз како пратка која се превезува од призната авиокомпанија со редовен лет, а не со авион што специјално е одреден за таа цел), со тоа што овие трошоци да не надминуваат 50% од трошоците за спроведување назамената по редовни цени.

3.2.3. Ги надоместуваме реалните трошоци за да се отстранат делови што се уништени, но имаме право да задржиме надоместок за спасување.

3.2.4. Во однос на сите осигурени предмети, каде што составни компоненти или спецификации на производителите повеќе не се достапни поради застареност, тогаш основица за ликвидирање на штетата ќе биде трошокот за обезбедување замена со погодни компоненти со иста вредност, а не со подобар квалитет или поскапи од оригиналните компоненти што се заменуваат.

4. Дополнителни бенефиции

4.1. Дополнителни делови
Ако за време на период на осигурување вие процените дека еден дел од уредот или парниот котел или сад под притисок е сличен на делот што веќе е осигурен по оваа полиса и кој се содржи (го има) во осигурената локација, ние ќе го прошириме покритието за тој дел откако истиот се проценил како да биде осигурен дел, под услов:

а) со сигурност вие да знаете дека делот нема материјален дефект и е во добра работна состојба во моментот на неговата процена;
б) делот не бил во употреба (погон) сѐ додека вие не ги имате завршено сите законски одредби за инспекција и потврдување;
в) Вие да ни ја плаќате секоја дополнителна премија и законските трошоци кои можеме да ги побараме.
Лимитот на обесштетување и вишокот во врска со дополнителните делови ќе биде ист со оној што е наведен во полисата. Меѓутоа, ние ќе бидеме одговорни да платиме само до обемот до кој лимитот на обесштетување не е поинаку исцрпен (истрошен).

4.2. Земање под наем привремена погонска опрема (фабрика) и трошок за привремени поправки
За секоја штета што произлегува од еден настанат случај и за кој ние прифаќаме одговорност, ние ќе го платиме трошокот што не е поголем од 2.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Р. Македонија за земање под наем привремена погонска опрема (фабрика), или трошокот за извршување привремена поправка или за итно извршување трајна поправка, вклучувајќи прекувремено работење, или користење експресен или воздушен превоз, под услов лимитот на обесштетување да не е поинаку исцрпен (истрошен).

5. Изборни бенефиции

5.1. Расипување на стока што се чува во ладилник
Важи за ладилници со максимален капацитет од 250 м3.

Ние ќе ве обесштетиме до лимитот наведен во полисата за загуба или штета на стока што се чува во сопствен ладилник, или за која вие сте законски одговорни додека е сместена во ладни складишни простории разладувани од осигурениот предмет(и), која се должи на расипување или гниење предизвикано од која било од наведените (причини) настанати за време на периодот на осигурување:
а) промена во температурата, кое се должи исклучиво на:
I. штета на осигурениот предмет;
II. работење или дефект на термостати;
III. работење или дефект на контролите за притисок или на уредите за лимитирање (но не ако е предизвикан рачно или од поставување прекинувачи);
IV. ненадејно капење (прокапување) од средството за ладење од осигурениот предмет од системот цевки за довод на притисок на дел од осигурениот предмет.
б) контаминација на стока што резултира исклучиво од прокапување од средството за ладење од осигурениот предмет (и), со тоа што вашето учество во штета изнесува 10% од секоја штета, но не помалку од 100 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Р. Македонија, или некој друг износ доколку е наведен во полисата. Ние смееме по наш избор да ја замениме стоката што се чува во ладилник, или да го платиме трошокот за неа.

Нема покритие според оваа изборна бенефиција за:
а) консеквентна (последователна) загуба, штета или одговорност што се должи на, или произлегува од расипување или гниење на стоката;
б) загуба или штета на стока, која се должи на дефект на услугите за јавни набавки кои резултираат од некое намерно дело (постапка) на овластениот за набавка, кое не е извршено за индивидуална цел за спасување кој било дел од системот за јавни набавки;
в) загуба или штета на стока, која се должи на која било шема (програма) за рационална

поделба, која не е условена само од случајно оштетување на производната или набавната опрема од надлежниот за набавка;
г) загуба или штета на стока, која се должи на или резултира од болест (зараза), непрописно складирање, оштетување материјал за пакување, несоодветно циркулирање на воздух или невоедначеност на температурата во складишниот простор на ладилникот.

6. Исклучоци

6.1. Освен ако не е посебно наведено во оваа секција, ние нема да бидеме одговорни за штетата на кој било осигурен предмет предизвикана од:
а) природно трошење (абење);
б) врежување (делкање), гребење или обезбојување фарбани, лакирани или полирани површини;
в) распаѓање на пукнатина што претходно постоела, фрактура, нанабрување, расцепување листови, пукнатина или жлеб што претходно не навлегол низ целата површина на материјалот, без разлика дали поправка или обнова на делот што бил нападнат може да биде неопходна или веднаш или во иднина, освен кога е предизвикан од штета и освен кога вие не сте знаеле или оправдано не требало да знаете за претходно постојната состојба;
г) абење и трошење материјали предизвикани или природно резултирајќи од атмосферски услови, 'рѓа, ерозија, корозија, оксидирање или при редовна употреба;
д) зацврстување на разлабавени делови, рекалибрација или приспособување.

6.2. Ние нема да платиме за оштетување на:
а) стакло или керамички предмети;
б) дефектни цевни зглобови или други дефектни зглобови или шевови;
в) монтирање вентил, оскински шев (спој), спој со заштитен прстен или спојување, освен кога е предизвикано директно од штетата;
г) темели, изработки од тули и огноотпорни материјали, кои формираат дел од еден осигурен предмет;
д) потрошни делови, вклучувајќи електрични и електронски стаклени светилки, цевки, ламби, рендгенски цевки, електрични споеви, електрични осигурувачи, делови за загревање, менувачи, лизгачки прстени, спроводни четчиња, вентили за ширење топлина (TX), термостати, заштитни и контролни уреди, релеи, шински ленти, изабени плочи, острила, остреци на сечила, алати, алати за режење, гравирани цилиндри, калапи, урнеци, големи ножици, пили, синџири, ремени, јажиња, гуми (тркала), ленти, преносни ремени, прекинувачи за притисок, носачи (лежишта), вентили, вентилни садови, филтри и сушачи;
ѓ) компјутери, телекомуникациска опрема за пренос и прием, опрема за електронска обработка на податоци, електромедицинска опрема за испитување и дијагностика, лифтови, подвижни скали, канцелариски електрични уреди, автомати кои работат со метални пари, автомати за игри, резервоари и големи буриња (бочви), неподвижни подвижни садови под притисок кои содржат експлозивни гасови, подвижни уреди, брановоди, мрежест електричен вод, водовод и гасовод и сите други погонски уреди и опрема кои не се во ваша сопственост или не се инсталирани или користени на локацијата, освен ако не е поинаку наведено во полисата.

6.3. Нема обесштетување според оваа секција за последователна загуба или кој било друг вид, освен за онаа која е посебно наведена.

6.4. Нема обесштетување според оваа секција за оштетување предизвикано директно или индиректно од:
а) експлозија, освен за ненадејно или насилно распукнување на парен котел или сад под притисок или систем од цевки под притисок, предизвикано од силата на внатрешен течен

притисок или притисокот на запалени чадни гасови или прснување и разорување на турбини, компресори, моторни цилиндри, хидраулични цилиндри, летечки тркала или други делови кои се предмети на центрифугална сила, трансформатори, прекинувачи или преносник потопен во масло.
Меѓутоа, нема покритие за какво било друго хемиско дејство или реакција;
б) аплицирање на кој било алат или процес при одржување, проверка, поправка, измена, модификација или ремонт.

6.5. Нема обесштетување според оваа секција за оштетување настанато за време на:
а) инсталирање или изградба освен за демонтирање, движење и повторна изградба, со намера за чистење, инспекција, поправка или инсталација во друго место во рамките на локацијата;
б) вршење тестови со преоптоварување според меѓународните стандарди на кој било осигурен предмет;
в) каква било постапка на кревање или спуштање во која еден единечен товар е поделен на повеќе делови.

6.6. Ние нема да платиме за штета за која кој било производител, снабдувач, инженер или друго лице е одговорно според одредбите за одржување или гарантен рок.

6.7. Ние нема да платиме за загуба на масло, течност или гас од прокапување од заштитни спојки, чепови, дихтунзи, зглобови или од координирани, издлабени или распаднати (изабени) делови.

6.8. Ние нема да платиме за трошокот за замена на Ц.Ф.Ц. (хлорофлуорокарбон) гас со кој било друг на уредите за ладење или проветрување.

6.9. Ние нема да платиме за оштетување настанато како последица на употреба надвор од (поинаку од) спецификациите утврдени од производителот.

СЕКЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА

Оваа секција содржи три дела и повеќе варијации.

Оние делови и варијации што се однесуваат за вас, вие ги одбравте кога баравте осигурување и се наведени во полисата.

1. Дефиниции
За примена на оваа секција и варијациите што важат за оваа секција се применуваат следните важни дефиниции:

„Осигурен предмет“ - опремата наведена во полисата.

„Средства со податоци“ - материјал кој има, или може да има податоци како што се дисклак, дискови, дискета, ленти или картички.

2. Физичка штета на опрема

2.1. Ние ќе платиме надоместок од физичко оштетување и штета на осигурен предмет од оваа секција, освен за:
- осигурени настани 3.1. до 3.9. и квалификациите во нив според тоа што е наведено во Секцијата за имоти од оваа полиса;

- штета или оштетување кое е осигурено во Секција кражба во оваа полиса;
- кои настануваат на осигурениот предмет во текот на осигурениот период во околности кои не се посебно исклучени со оваа полиса, со тоа што осигурениот предмет е испитан од комисија што се наоѓа на локацијата и нормално работи во моментот кога настанува штетата.

2.2. Исто така, ќе платиме надоместок за физичка штета или оштетувања кои се осигурени со клаузулата 2.1. која настанува во текот на периодот на осигурување врз средствата со податоци како да се осигурени предмети, како и средствата со податоци кои привремено се наоѓаат на друга локација со единствена цел за обработка или заштитување, или е во превоз за вршење на тие намени.

2.3. Износот што го обесштетуваме, кој е пресметан согласно со клаузулата за надоместок, ќе подлежи на примена на Клаузулата за хаварија / подосигурување, примена на франшизата и не го надминува лимитот на надоместок што е утврден во полисата.

3. Основа за надоместок.

3.1.За слика и приемни туби за ТВ и опрема за визуелен дисплеј, кои сочинуваат дел од осигурените предмети што се користеле 12 месеци, се плаќаат 100% од нивната нова вредност за замена. По употреба над 12 месеци, новата вредност за замена се намалува за 3% за секој месец на употреба до максимум намалување до 20% од новата вредност за замена. Во случај на друг вид вентил, туба или светилка кои сочинуваат дел од осигурениот предмет, се плаќа пропорција од новата вредност за замена која се однесува на преостанатиот очекуван век за употреба, кој го пресметал производителот на делот.

3.2. За средствата за податоци се плаќа трошокот за замена на самото средство за податоци кое е изгубено или оштетено, но не и за материјалот што се наоѓа во него.

3.3. За сите други осигурени предмети, ако износот што се плаќа за поправката е еднаков или ја надминува реалната вредност на осигурениот предмет непосредно пред да се случи штетата, тогаш се плаќа како да е тотална штета. За сите други случаи се плаќа како да се работи за штета што се поправа.

4. Штета што се поправа

4.1. Ние ќе ви ги платиме:
а) сите потребни трошоци направени за поправка на оштетениот осигурен предмет надвор од првобитната состојба;
б) трошоци за демонтирање, за вршење поправка и за повторно монтирање;
в) трошоците за нормален превоз до и од местото на поправка;
г) царинските давачки.

4.2. Ќе ви ги надоместиме и дополнителните реално направени трошоци за работа која се врши, а се плаќа прекувремено или за време на државни празници, за итен превоз во рамките на Р. Македонија, со тоа што овие трошоци да не надминуваат 50% од трошоците за спроведување на замената по редовни цени;

4.3. Ќе ја одбиеме вредноста за спасување од износот што ние го надоместуваме;

4.4. Нашата целосна одговорност за сите пари што ги плаќаме не го надминува лимитот на надоместок за секој осигурен предмет или за повеќе осигурени предмети заедно кои се наведени во полисата.

5. Тотална штета

5.1. По наша оцена може:
а) да го замени осигурениот предмет со иста таква и со иста старост, или
б) да го платиме трошокот за добивање ист предмет за замена или добивање ист предмет ако во моментот на оштетувањето не е постар од 5 години или да платиме пазарна вредност на ист таков (со иста старост) каков што бил пред настанување на штетата, дури во случај да била постар од 5 години во моментот на штетата.

5.2. Исто така, ќе ги надоместиме реално и потребно направените дополнителни трошоци за работа која се врши и плаќа прекувремено, или за време на државни празници, за итен превоз во рамките на Р. Македонија (ограничен за превоз како пратка која се превезува од признатата авиокомпанија со редовен лет, а не со авион кој специјално е одреден за таа цел), со тоа што овие трошоци да не надминуваат 50% од трошоците за спроведување на замената по редовни цени.

5.3. Надоместуваме реални трошоци за да се отстранат делови што се уништени, но имаме право да задржиме надоместок за спасување.

5.4. Во однос на сите осигурени предмети каде што составните компоненти или спецификации на производителите повеќе не се достапни поради застареност, тогаш основица за ликвидирање на штетата ќе биде трошокот за обезбедување замена со погодни компоненти со иста вредност, а не со подобар квалитет или поскапи од оригиналните компоненти што се заменуваат.

6. Услови што важат за секцијата

6.1. Соосигурување
Потребно е да извршите осигурување на нова цена за замена за сите осигурени делови со старост од 5 години или помалку, која е цена за замена со нов дел од ист вид и моќ, со вклучени трошоци за пакување, возарина, царина и инсталирање. Предметите постари од 5 години треба да се осигурат на пазарна вредност.

Доколку сумата на осигурување на оштетениот имот на денот на штетата не изнесува најмалку 90% од неговата вредност (наведена во претходниот став), оштетата ќе ја исплатиме во ист однос во кој сумата на осигурување се содржи во вредноста на оштетениот имот, со тоа што нашата одговорност не ја надминува сумата на осигурување утврдена за секој предмет во полисата.

6.2. Одржување и употреба
Мора да се почитуваат препораките и инструкциите на производителите за одржување и употреба на сите осигурени предмети.

7. Исклучоци

7.1. Не се надоместува штета на потрошни материјали, вклучувајќи и осигурувачи, батерии, ремени, синџири, ленти или друг дел од предметот што се менува почесто или периодично.

7.2. Не се надоместува штета:
а) поради грешка или дефекти што и вам и на вашите вработени ви биле познати или треба да ви бидат познат пред да започне осигурениот период, а нам не ни било кажано;
б) предизвикана од 'рѓа, корозија или оксидација;

в) предизвикана од абење, трошење или истрошеност на дел од осигурениот предмет како последица од редовна употреба или постепено расипување.

7.3. Не се плаќа штета од кршење, гребење или губење боја на обоени, лакирани или мазни површини;

7.4. Не се надоместува последователна штета од кој било вид;

7.5. Не се плаќа штета на осигурен предмет кога не е во ваша надлежност;

7.6. Не се плаќа штета предизвикана од непостојана струја, освен ако во моментот на штета Осигурениот предмет не бил поврзан со надворешен исправувач и со доводот на струја и со линиите за податоци.

СЕКЦИЈА ЗА СТАКЛО

1. Дефиниции

„Кршење"

„Надворешно стакло" - фиксно стакло на надворешни прозорци, врати, изложбени витрини, тавански прозорец;

„Внатрешно стакло" - стакло на внатрешни прегради, прозорци и врати, прегради во фрижидер, стакло на тезги, полици, внатрешни витрини, фиксирани огледала и друго фиксирано внатрешно стакло, вклучувајќи керамика, стаклен порцелан, писоари и клозетски школки.

2. Покритие

Покритие се обезбедува, евентуално намалено за франшизата, за кршење на фиксирано надворешно и внатрешно стакло, во просториите што се наведени во полисата на износ наведен во полисата, а кои се во ваша сопственост и за кои имате правна одговорност.

3. Исклучоци

Покритие не се обезбедува за:

3.1. Кршење стакло и санитарија или мијалници за време на нивното инсталирање, отстранување или работа на нив, на нивната структура или на други монтажни елементи.

3.2. Оштетување на неонски цевки или на осветлението и на натписи (освен според клаузула 4.5.) на постојано скршено или дефектно стакло, оштетување на стакло причинето од вештачка топлина, стакло кое не служи на намената за кое е поставено.

4. Дополнителни бенефиции

Во случај на ненадејно кршење на осигуреното стакло, ќе се исплати сумата до 500 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Р. Македонија за секоја бенефиција наведена со клаузулата 4.1. до 4.5. или сумата наведена во полисата, без разлика која сума е поголема.

4.1. Привремена заштита и затворање
Трошоците за привремено затворање, обложување со штици или други безбедносни заштитни мерки, додека не се изврши замена на скршеното стакло.

4.2. Натписи на фирмата
Оштетување на натписи, декорација, осветлување (рефлектори), или на аларми за провалување.

4.3. Простор пред продавница
Оштетување како резултат на надворешно насилство на прозорците и вратите и на поплочениот дел пред продавницата.

4.4. Оштетување на имотот
Оштетување или уништување како резултат на кршење на осигуреното стакло.

4.5. Оштетување неонки и светлечки натписи
Оштетување неонки и светлечки натписи, вклучувајќи ги оние што се направени од плексиглас или пластика, исплатата се врши дури и кога другото осигурено стакло не е оштетено.

## СЕКЦИЈА ЗА ПРОШИРЕНА ОДГОВОРНОСТ

1. Дефиниции

„Воздухоплов“ - кое било превозно средство кое е наменето да се движи, или да лета низ воздушниот простор;

„Медицински лица“ - квалификувани лекари, медицински сестри, заболекари и помошници за прва помош;

„Настан“ - настан што подразбира постојана или повторлива изложеност на истите општи услови, кое резултира со настанување на лична повреда, или штета на имот која ниту е очекувана ниту е предвидена.

„Лична повреда“ подразбира:
- телесна повреда (вклучувајќи смрт и болест), намалена способност, шок, ментална болка или ментална повреда;
- погрешно апсење, неоправдан притвор, погрешен затвор или злонамерна истрага;
- неоправдано законско протерување или друга повреда на правото на приватност;
- физички напад што не е извршен од ваша страна или под ваша директива освен доколку е извршен со цел да се спречи или да се елиминира штета на лице или на имот.

„Загадувачи“ - надразнувачки средства во цврста, течна, гасовита и парна состојба вклучувајќи, но не ограничувајќи, чад, пареа, саѓи, издувни гасови, киселини, алкални материи, хемикалии и отпад. Отпадот вклучува и материјали што треба да се рециклираат, преработат и обработат.

„Штета на имот“ подразбира:
- физичко оштетување или уништување материјален имот, вклучувајќи и загуба од негова употреба, како последица на физичкото оштетување и деструкција;
- загуба при употребата на материјален имот, кој не бил физички оштетен или уништен, под услов штетата да е причинета при осигурен настан.

„Возило" - погонски, шински или возила на тркала, освен оние што се рачно управувани, а влечени со сила од животни и приколки и други приклучни возила произведени или наменети да ги влечат горенаведените погонски возила.

„Вие/ваш" во овој дел од полисата подразбира:
а) името на осигуреникот што е назначен во полисата;
б) сите подружници (постојани или формирани во иднина), доколку се конструирани во Р. Македонија;
в) директори, извршни референти, вработени, партнери или акционери во вашиот бизнис или во компанијата назначена во параграфот б), но само кога дејствуваат во рамките на своите обврски дадениот капацитет;
г) сите осигуреници назначени во договорот или спогодбата, доколку вие или компанијата назначена во клаузулата б) сносите одговорност која произлегува од вашата работа и при спроведување на договорот, но ограничено на обемот на покритие, како и лимитот за покритие како што е наведено во клаузулата г) и ѓ);
д) секој носител на дејноста или член на социјални или спортски клубови, кантина и добротворни организации, како и службите за прва помош, противпожарните бригади и амбулантските служби кои се формирани со ваша согласност во однос на барањата кои произлегуваат од нивните должности во врска со овие активности. Ова покритие не се применува за кое било лице или компанија кои се наведени во клаузулите г) и ѓ);
ѓ) вашиот партнер, заедничкото вложување и заедничко закупување, но само:
- во однос на одговорност што произлегува од партнерство, заедничко вложување, заедничко закупување;
Под услов осигурителот да е информиран во рок од 60 дена до денот на формирањето на партнерство, заедничкото вложување и заедничкото закупување и тоа да е одобрено во полисата.
е) вашите директори или извршни директори за вршење на приватни работи од страна на вашите вработени, а кои им се наложени од вашите директори или извршни директори.
Оваа дефиниција не подразбира интерес на кое било друго лице или организација, освен оние што се наведени во клаузулите а) и г).

„Ваш бизнис" - значи бизнисот (деловна дејност) што е наведен во полисата и вклучува обезбедување и раководење со кантини, социјални спортски и добротворни организации во корист на вашите вработени, како и службите за прва помош, противпожарните и амбулантските служби, како и одржувањето на деловните простории.

„Ваши производи" - која било стока, производи или имот кои повеќе не се во ваша сопственост или под ваша контрола, кои се преработени, одгледувани, произведени, процесирани, конструирани, монтирани, изградени, инсталирани, поправени, сервисирани, обработени, продадени, прибавени, дистрибуирани, дадени за извоз или увоз (вклучувајќи кој било контејнер освен возила) во текот на вршење на вашата деловна дејност како што е наведено во полисата.

„Пловило" - кое било превозно средство наменето за пловидба или превоз по вода.

2. Покритие

Покритието се обезбедува за вас и во ваше име за сите суми за кои имате правна одговорност да ги исплатите во вид на отштета, освен парични казни, пенали, ликвидирани, казнени,

отежнителни или дополнителни штети што настануваат како резултат на зголемување на бројот на штети што треба да се надоместат во врска со лична повреда или штета на имот за време на скаденца при настан кој е во врска со вашата деловна дејност.

Во случај личната повреда или штетата на имот да се причинети од ваши производи, максималната сума што ќе се исплати за сите отштетни барања за време на скаденцата мора да биде во рамките на лимитот на обесштетување наведен во полисата.

За сите други отштетни барања или серија на отштетни барања за лична повреда или штета на имот кои се причинети или произлегуваат од еден ист настан, максималната сума што ќе се исплати е во рамките на лимитот на обесштетување наведен во полисата.

Сите лични повреди и штета на имот кои произлегуваат од последователна и повторена изложеност на исти услови, ќе се сметаат дека произлегуваат од еден ист настан.

Покритието кое се обезбедува според овој дел од полисата подразбира и обезбедување одбрана за која било парница во која се бара обесштетување за лична повреда или штета на имот од вас или во ваше име, и покрај тоа што таа парница може да биде неоснована, лажна или измама. Во спроведувањето на одбраната ние го задржуваме правото да вршиме истрага, преговарање или да разрешиме отштетно барање на начин што се смета за најпогоден.

3. Судски трошоци и издатоци

За отштетни барања за кои следува одредено обесштетување, ќе ви ги исплатиме како што следи:
а) сите судски трошоци направени од наша страна;
б) сите трошоци што паѓаат на ваш товар во која било парница и за сите интереси кои произлегуваат по донесувањето на пресудата против вас, до моментот додека се изврши исплатата, се направи понуда или се даде депозит во судот за сумата за која постои одговорност да се исплати по донесувањето на пресудата;
в) сите разумни трошоци кои паѓаат на ваш товар, а за кој постои договор да се надоместат, но надоместок не се обезбедува за загуба на профитот;
г) трошоците кои паѓаат на ваш товар за обезбедување прва помош при лична повреда на други при осигурен настан.

Покритието важи под услов:
- да не постои обврзаност да се исплати отштетно барање или пресуда или да се обезбеди одбрана за која било парница, по исцрпувањето на лимитот за обесштетување со исплата на пресуди или одлуки;

- доколку исплатата што ја надминува сумата на лимитот на обесштетување мора да се направи за да се ослободиме од отштетното барање, ќе се платат само судските трошоци и тоа пропорционално на односот меѓу лимитот за обесштетување и сумата што треба да се исплати за да се ослободиме од отштетното барање;

- судските трошоци како што се наведени погоре, ќе се исплатат дополнително на лимитот за обесштетување кој е наведен во полисата, но исплатата за разрешување на отштетните барања, парници и сите трошоци што паѓаат на ваш товар подлежат на применливите лимити за обесштетување на овој дел.

4. Учество во штета

Доколку во полисата е наведено вашето учество во штета, тогаш за секој настан за кој се поднесува отштетно барање, според овој дел, ќе ви се одбие тој износ.

5. Исклучоци

Од осигурувањето се исклучени:

5.1. Повреда на вработените
Лична повреда на кој било од вработените што произлегува директно или индиректно од нивното вработување или, пак, во текот на извршувањето на деловната дејност:

- отштетното барање или барања што произлегуваат од одредбите на легислативата за осигурување на работниците од несреќен случај на работа или стопанска спогодба или договор или определба и;
- правото да се бара обесштетување по која било полиса што мора да се склучи според законите за осигурување на вработените од несреќен случај на работа.

Во овие исклучоци:
„Вработен“ - подразбира кое било лице што има склучено договор за работа или чиракување кај вас, со исклучок на лица што се исклучени од дефиницијата на работник според законот за вработување во Р. Македонија.

5.2. Имот даден на чување, или под контрола на други лица

Штета на имот на:
- имот во ваша сопственост или имот што го имате земено под наем;
- имот за кој вршите физичка и правна контрола.

И покрај овој исклучок 5.2., ние ќе го платиме износот за кој сте вие одговорни при секоја штета на имот настаната заради вашата дејност, но само за времетраењето на полисата и која е настаната на:
- простории што ги изнајмувате, вклучувајќи ги вградените елементи и монтажни елементи;
- просториите или предметите во просториите кои не се во ваша сопственост или ги изнајмувате, но кои привремено ги користите за работа во или во просториите.
Доколку штетата на имотот произлегува од работата што ја вршите во тие простории, во тој случај обесштетување не се исплаќа за штетата што е настаната во тој дел од просториите или предметите на кои работите.

Возилата што се под ваша физичка и правна контрола, при што штетата на имот настанува на паркинг кој е во ваша сопственост или употреба. Не се обезбедува обесштетување за штета на имот според оваа клаузула доколку наплатувате за паркингот како дел од вашиот бизнис, или, пак, доколку возилото е во ваша сопственост или употреба, или пак, се употребува во ваше име.

Имот на вработените
Друг материјален имот кој не е во ваша сопственост, туку под ваша физичка и правна контрола, кој не се осигурува според договорот. Максималниот износ што се исплаќа за осигурен имот според оваа клаузула, е во износ од 3.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Р. Македонија за кој било настан, или пак, износот што е наведен во полисата, кој од двата износа е понизок.

Покритие не се обезбедува за штета на оној дел од имотот што е осигурен според оваа клаузула, а е дел од имотот на кој се работело.

5.3. Дефекти на производите
Штета на имот на вашите производи, доколку штетата се припише на:
- каков било дефект на вашите производи;
- штетни својства на вашите производи;
- во соодветност на вашите производи;
- својствена мана, неефикасност или неефективност на вашите производи.

5.4. Загуба од употреба на имот
Загуба од употреба на материјален имот, кој не е физички оштетен или уништен како последица на:
- задоцнување или недостиг на работата според договорот причинети од ваша страна или во ваше име;
- пропуст кај вашите производи да го задоволат нивото на изведување, квалитетот, погодност или издржливост која вие ја презентирате веднаш или последователно. Загуба при употреба на друг материјален имот, која резултира од ненадејно и случајно физичко оштетување или деструкција на вашите производи, откога вашите производи се ставени во употреба од страна на кое било лице или организација освен вас.

5.5. Повлекување производи
Поради отштетно барање кое се однесува на трошоците на повлекување, отстранување, инспекција и реинсталација, поправка, замена, или загуба од употреба на вашите производи или кој било имот чиј дел се наведени производи, вашите производи треба да бидат повлечени од пазарот, или од употреба поради познат или сомничав дефект, или слабост на производите.

5.6. Воздухоплови и пловила
Отштетни барања што произлегуваат од вашата сопственост, одржување, оперирање или употреба на:
- кој било воздухоплов, ховеркрафт;
- кое било пловило или брод.

5.7. Воздухопловни производи
Отштетни барања што произлегуваат од вашите производи што се употребуваат или може да се употребат во воздухопловот или во воздушни уреди.

5.8. Возила
Отштетни барања што произлегуваат од вашата сопственост, одржување, оперирање, или употреба на кое било возило:
а) кое е регистрирано;
б) кое мора да биде регистрирано според законот;
в) кое вие барате да се осигури, или во ваше име, според законот на Р. Македонија, без разлика дали таквото осигурување е склучено или не.
Исклучоците а), б) или в) наведени погоре не се применуваат за лична повреда или штета на имот кој се причинети или кои произлегуваат:
- при испорака или преземање стока во или од кое било возило каде што настанала личната повреда или штета на имотот надвор од ограничувањето на која било главна сообраќајница;
- на товарење, истовар, испорака, или преземање стока во, или од кое било возило кое го

употребувате при вршењето на вашата деловна дејност, или пак, се врши во ваше име, но кое не е под ваша контрола.

5.9. Договорна одговорност
Одговорноста што се презема според која било гаранција, спогодба или договор, освен до оној степен до кој истата таа одговорност би ви била препишана вам и покрај таа гаранција, спогодба или договор. Овој исклучок не се применува на:
- одговорност што се презема по договорот за закупнина на недвижен имот или личен имот;
- договорите во пишана форма кои се наведени во полисата.

5.10. Професионална одговорност
Отштетни барања што произлегуваат од извршувањето или неизвршувањето на професионални услуги или давање професионални совети, или каква било грешка или попуст во врска со тоа.
Овој исклучок не се применува за медицински лица кои се вработени да даваат прва помош, како и други итни медицински услуги во вашите простории, кои даваат или не даваат професионални медицински совети.

5.11. Навредлив напис и клевета
Одговорноста што произлегува од објавување или изрекување навредлив напис и клевета:
- направено од ваша страна или под ваша директива, без разлика дали сте знаеле дека е погрешно;
- од активности што сте ги направиле вие или некој друг во ваше име во врска со рекламирање, телевизиско прикажување или емитување.

5.12. Загадување
- лична повреда или штета на имот која произлегува од испуштање, распространување, ослободување или истекување на загадувачи во земјата, атмосферата, реките или други водни површини. Овој исклучок не се применува доколкутоа испуштање, распространување, ослободување или истекување е ненадејно, препознатливо и ненамерно и се случува целосно за време на скаденцата;
- сите трошоци и издатоци кои се наменети за превенција, ова отстранување, уништување и расчистување на каква било контаминација или загадување. Овој исклучок не се применува на трошоци за расчистување, отстранување и уништување по ненадејни, препознатливи, неочекувани и ненамерни настани кои во целост се случуваат во даден период и за време на скаденцата и предизвикуваат лична повреда или штета на имотот.

5.13. Територијални лимити
а) отштетни барања и активности воспоставени во САД, област во Канада, или која било друга област која е под јурисдикција на САД или на Канада или;
б) отштетни барања и активности за кои се применуваат законите на САД и на Канада.
Под услов овие исклучоци да не се применуваат на отштетни барања и активности кои произлегуваат од отсуство на лице кое е жител на Р. Македонија надвор од границите, акој не е мануелен работник или надзорник.
- Во врска со горенаведената одредба понатаму, договорено е да се применува следнава дополнителна клаузула:
а) лимитите за одговорност ги вклучуваат сите судски трошоци и издатоци наведени во делот 3 за проширена одговорност.

5.14. Извоз во САД и во Канада

Отштетни барања за лична повреда или штета на имот кои произлегуваат од вашите производи или вашите посредници или службеници со намера да се извезат во САД или во Канада.

5.15. Азбест
Лична повреда или штета на имот (вклучувајќи загуба од употреба на имотот) кои се директно или индиректно предизвикани или кои произлегуваат од:
- ископување, обработка, транспорт, дистрибуција и/или складирање азбест;
- производство на производи од азбест или преработка на материјали што содржат азбест;
- кој било процес на деконтаминација, обработка, отстранување или контрола на азбест, но овој исклучок се применува само за оние отштетни барања кои произлегуваат од последиците од вдишување азбестни влакна или, пак, штета или загуба на имот како резултат на присуство на азбест.

5.16. Погрешно работење
Трошоците за коригирање или подобрување на работите што вие ги вршите.

5.17. Парични казни, пенали
Парични казни, пенали или ликвидирани оштетувања.

5.18. Лекување или издавање лекови
Доколку вашата деловна дејност вклучува:
- луѓе или животни за кои било физички или ментални недостатоци, повреда, болест или заболување;
- издавање лекови, фармацевтски набавки или вештачки киселини;
- не сносиме одговорност за штета на имот или лична повреда која произлегува од лекувањето на тие луѓе или животни, ниту, пак, вие сносите некаква одговорност за штета на имот или лична повреда при издавање лекови, фармацевтски набавки или вештачки киселини.

5.19. Неисправност на дизајнот
Која било неисправност во дизајнот или грешка во спецификациите или формулата на вашите производи, но осигурителното покритие се обезбедува за производи кои вие не ги произведувате туку продавате, набавувате или дистрибуирате, а според законот вие се сметате дека сте производител.

5.20. Исклучок за електромагнетна радијација
Осигурителното покритие по оваа полиса не покрива:
а) која било одговорност, отштетно барање, или парница, кои произлегуваат од вистинско, заканувачко, наводно или постојано испуштање, ослободување, емисија или создавање „електромагнетна радијација" или изложеност на „електромагнетна радијација" од електрични инсталации, опрема или кој било вид енергија или електрицитет, кое е или за кое постојат наводи да биде откриено во воздушниот простор, атмосферата, водата или копнената површина;
б) трошоците за административни и законски постапки, трошоците за ублажување, намалување или одредување на „електромагнетната радијација" или изложеност на „електромагнетната радијација";
в) која било обврска за споделување на отштетувањето, или пак, надоместување некому кој мора да ја исплати штетата поради повреда, оштетување или трошоци што произлегуваат од горенаведеното под а) и б);
г) која било одговорност, отштетно барање, или парница која произлегува од кој било

надзор, инструкции, препораки, предупредувања, или совети кои се дадени или треба да бидат дадени во врска со горенаведеното под а) и б).

Понатаму, договорено е ова осигурување да не го надмине намалениот или исцрпен дефиниран лимит во агрегатот до оној степен до кој тоа намалување или исцрпување резултира од оштетни барања, оштетување загуба или трошоци кои произлегуваат или се на некој начин поврзани со горенаведеното.

На начин на кој е наведено тука, „електромагнетна радијација“ вклучува но не е ограничена на магнетна енергија, бранови, полиња или сили кои се создаваат, произведуваат, дистрибуираат, емитуваат или одржуваат со наелектризираност, струја, електрична фреквенција, енергија или силата на електрицитетот.

6.Дополнителни услови што се применуваат во овој дел

6.1. Територијални ограничувања
Покритието кое се обезбедува со овој дел се применува во целиот свет и подлежи само на одредбите на исклучокот 5.13.

6.2. Здружени осигуреници
Кога се склучува осигурување за повеќе страни, секоја од овие страни ќе биде третирана како посебен и одделен осигуреник. Зборовите „вие“ или „вашиот“ ќе се сметаат дека се применуваат за секоја страна (посебен осигуреник) на ист начин, исто како да е издадена посебна полиса на секој од нив. Со ниеден дел од оваа клаузула не може да се измени или да се зголеми лимитот на покритието во врска со кој било настан за време на скаденцата како што е наведено во оваа полиса.

6.3. Известување
Писменото известување треба да се достави во најкус рок за сите релевантни информации во врска со:
- секој настан, отштетно барање, одлука, судски повик,постапки, претстојни тужби, истрага, кои може да резултираат во отштетно барање по оваа полиса, без разлика дали верувате или не дека кој било износ на отштетното барање ќе биде под вашето учество во штета наведено во полисата;
- која било измена со која се прават суштински промени на кој било од фактите или околностите кои се наведени на почетокот на скаденцата на оваа полиса, кои ќе ви бидат познати.
- кое било писмено известување кое до осигуреникот го доставува ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА, ќе биде доставено до секоја од страните со која вие се спогодувате.
Писмените известувања дадени од наша страна стапуваат во сила од моментот на добивање, доколку тие бидат испратени по телекс или факс. Доколку овие известувања се испраќаат по пошта, тие стапуваат во сила третиот ден од кога се испратени.

6.4. Супрогација
Вашите права за надоместувања на сите лица и организации преминуваат кај нас, а вие мора да ги извршите и испорачате сите инструмент и документи, како и да ни асистирате при остварување на тие права.

6.5. Ослободување од одговорност
Во кое било време, може да ви се изврши исплата вам или во ваше име, по одбивање на сите износи што се веќе исплатени за сите штети настанати по еден настан, и тоа:
- лимитот на покритие наведен во овој дел;

- која било помала сума за која може да се разреши отштетно барање.

Доколку ви извршиме исплата на една од погоре истакнатите суми, во тој случај:
- Сите отштетни барања за кој било нерешен настан, нивното водење и контрола е ваша одговорност.

Ние немаме никаква натамошна одговорност да платиме каков било износ согласно со овој дел за кој било друг износ освен оние што се однесуваат на трошоците, договорени со нас во периодот пред да ја извршиме исплатата за наше ослободување од одговорноста.

6.6. Разумна грижа

Покрај обврските наведени во главните услови на оваа полиса, потребно е:
- да ги преземете сите мерки на претпазливост за да се спречи производството, продажба или набавка на дефектни производи;
- да бидете сигурни дека сите ваши вработени, посредници и службеници се повикуваат на законските одредби или регулативи кои се пропишани:
- од страна на сите значајни јавни органи;
- за безбедноста на лица и имот;
- за отстранување отпадни материи;
- за ракување, складирање или употреба на запаливи течности или супстанции, гасови, токсични хемикалии.

На ваш личен трошок преземете ги сите разумни активности за да ги идентификувате, отстраните или модифицирате кој било од вашите производи кои имаат дефект или недостатоци за кои имате знаење, или пак, имате сомнение вклучувајќи, но не ограничувајќи на кој било од вашите производи кои подлежат на законски или валидни забрани.

6.7. Проверка на имотот

Во кое било време имаме ваша дозвола, но не и обврска да вршиме проверка на вашиот имот и дејност.

Нашето право или нашиот попуст во извршувањето на проверката или, пак, во извештаите по направената проверка не смеат да се користат од ваша страна, или од други лица во кои било активности или постапки во кои сме вклучени.

За време на скаденцата, како и во текот на 3 години по завршувањето на скаденцата може да вршиме проверка и финансиска контрола на вашите книговодствени книги, но ваквата проверка и контрола ќе бидат ограничени само на оние активности кои според нас, се релевантни за осигурувањето.

6.8. Приспособување на премијата

Доколку премијата се пресметува целосно или во делови за процените кои вие ги имате обезбедено за скаденцата, за 30 дена по истекот на скаденцата треба да ни обезбедите информации кои се релевантни за полисата по наше барање. Потоа, премијата за скаденцата треба да се приспособи, како и која било разлика што ви е исплатена или дозволена. Приспособената премија не може да има помал износ од минималната премија што се наплатува по овој дел на полисата.

Потребно е да се води евиденција за сите информации што се побарани од наша страна и со соодветно известување ќе ни дадете дозвола да се направат копии од таа евиденција.

6.9. Јурисдикција

Сите спорови што произлегуваат од оваа полиса подлежат на разгледување, а доколку не постои можност да се постигне согласност, тие спорови ќе подлежат на судска одлука од страна на компетентен суд во Р. Македонија, според законите во рамките на таа јурисдикција.

6.10. Зборови - број на лица
Зборовите што се однесуваат на лица, подразбираат корпорации и други физички лица.

Еднина се однесува на множина и обратно, а кој било граматички род се однесува на сите родови.

Дополнителните услови во овој дел од полисата не ве ослободуваат од вашите одговорности според општите услови на оваа полиса. Кога условите во овој дел на полисата и општите услови се слични пак контрадикторни, тогаш за кое било отштетно барање кое се надоместува по овој дел од полисата, се применуваат условите по овој дел од полисата.

Варијација (која се применува на овој дел од полисата)

Следново покритие се применува доколку тие се назначени како осигуреник во полисата.

Фризери и козметичари - Проширено покритие

Оваа варијација се проширува за да се обезбеди осигурување за отштетни барања во врска со лична повреда предизвикана при давање совети, третмани, услуги препишани или направени во врска со:
- потстрижување, сушење, ондулација, шатирање, бојадисување, бричење, миење коса, обликување веѓи, вибро-масажа, масажа на лице, педикир или маникир, депилирање, третман со пареа доколку се следат барањата и мерките на претпазливост што ги посочува производителот на кој било производ што го користите, се придружувате кон статутот, како и користите производи од познати производители.

Максималната сума која ќе се исплати според оваа варијација е износот од 3.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Р. Македонија, кој подлежи на кој било помал лимит на одговорност, доколку е наведен во полисата.

СЕКЦИЈА ЗА ТРАНСПОРТ
1. Покритие

Надоместок се плаќа до лимитот наведен во полисата, евентуално намален за франшизата за губење или оштетување на стоката која е во ваша сопственост или за која одговарате пред законот додека трае копнениот транспорт со возило во ваша сопственост или со кое управувате каде било во Р. Македонија, предизвикани од следниве осигурени настани.

2. Осигурени ризици

2.1. Судир или превртување на транспортното возило;

2.2. Пожар, гром или експлозија;

2.3. Кражба како резултат од принудно и насилно влегување со очигледно оштетување на безбедносниот дел од возилото каде што е сместена осигурената стока.

3. Оцена на вредности

Во случај на штета за вредноста на изгубената или на оштетената стока ќе се земе набавната вредност на стоката.

4. Исклучоци

Не се надоместува загуба или штета:

4.1. Поради доцнење, губење на пазарот, последователни загуби од кој било вид, амортизација и расипување;

4.2. На пари;

4.3. На накит, часовници, крзна, антиквитети, слики, уметнички дела, скапоцени метали и камења или работи направени од нив;

4.4. На експлозиви, нафтени деривати во рефус или природен гас;

4.5. На жив добиток;

4.6. На цигари, тутун, вина, жестоки или други алкохолни пијалаци освен ако не е наведено во полисата;

4.7. Настаната поради судир или допир на транспортното возило со работникот или нерамен дел од патот;

4.8. Поради кражба од страна на некој од вашите вработени или нивно соучесништво во кражбата;

4.9. Поради електрично или механичко оштетување освен ако штетата е видлива на надворешниот дел од предметот;

4.10. Поради кражба од возило без придружба (за да биде предмет на исклучок, возилото треба да биде без возач или без овластена придружба во или до возилото).

## ОПШТИ ИСКЛУЧОЦИ ШТО СЕ ПРИМЕНЛИВИ ЗА СИТЕ ДЕЛОВИ

Не одговараме за:

1. Војна или тероризам
Војна, инвазија, дејства на странски непријатели, непријателски или воени операции (без оглед дали е објавена војна или не), граѓанска војна, бунт, револуција, востание, граѓански немири имајќи го предвид учеството во или големината на востанието, војна или узурпаторска сила, или
а) биолошка или хемиска контаминација;
б) проектили, бомби, гранати, експлозивни средства.

2. Секое дејство на тероризам

Дејство на тероризам значи дејство, вклучувајќи, но не и ограничувајќи употреба на сила и насилство и /или закана со нив на лице или група лица, без оглед дали дејствуваат сами или во корист на или во врска со која било организација(и) или влада(и) обврзани со политички, религиозни, идеолошки или етнички цели и причини, вклучувајќи и намера да се влијае врз влада и/или да се изложи јавноста или дел од јавноста под страв.

За примена на а) контаминација значи: контаминација, труење или превентива и/или ограничување на употреба на објект поради влијание на хемиски и/или биолошки материи.

Ова исклучува и загуба, штета, цена или трошок од секаков вид директно или индиректно настанат од последица од или во врска со дејство преземено за контрола, превенција, задушување или на кој било начин се однесува за 1 и/или 2 погоре.

Ако преземачите на осигурување потврдат дека поради овој исклучок, штетата, загубата, цената или трошокот не се покриени со ова осигурување товарот за докажување на спротивното паѓа на осигуреникот.

3. Нуклеарни дејства

Загуба, штета, неспособност или одговорност директно или индиректно настанати или кои потекнуваат од јонизирана радијација или контаминација од радиоактивности, сите видови на нуклеарни горива и нуклеарен отпад од запалување на горивата.

4. Празни простории

Загуба, штета или одговорност во кој било период над 60 последователни денови кога работните простории се празни освен ако немате наше писмено одобрение. За да се сметаат просториите како работни, тие треба да се користат најмалку 2 последователни дена за деловни потреби.

5. Примена на топлината

Загуба или штета на имотот настанат од кој било процес, во кој е вклучена и примена на топлината.

6. Намерна штета

Штета или одговорност намерно предизвикана или настаната од:
- Вас (сопственик);
- Член на вашето семејство или
- Лице што дејствува со ваши (или на член на вашето семејство) инструкции или дозвола.

7. Грешка во дизајн

Загуба, уништување, штета или одговорност настаната од грешка или пропуст во дизајнот, планот или спецификацијата или неуспех на дизајнот освен за покритието наведено во делот за одговорност од оваа полиса.

8. Заглавување, истекување и вибрирање

Загуба или оштетување на имотот директно или индиректно настанато од заглавување,

истекување, стеснување или проширување објекти или темели, ѕидови, тротоари, патишта или други структурни поправки, лизгање, натежнување и вибрации.

9. Исклучок за 2000 година
Без оглед на што и да е спротивно на оваа полиса, компанијата не одговара за какви било штети од оваа полиса, кои директно или индиректно се настанати со неуспехот за приспособување на опремата при пресретнувањето на 2000 година.

Изразот „компјутерска опрема" вклучува, но не и лимитиран на кои било комбинации или делови на податоци, компјутерски хардвер, оперативни системи, апликација, софтвер и компјутерски чипови, вклучувајќи микропроцесори или вградена логичка контрола.

Изразот „Усогласување на 2000" значи дека ниту извршувањето ниту функционалноста се ефектуирани од датумите пред, за време на и по 2000 година, особено без лимитите на:
а) ниедна вредност што за тековниот датум нема да предизвика прекин во извршувањето;
б) функционалноста на датумите мора да се однесува за датумите пред, за време на и по 2000 година;
в) во сите интерфејси и датотеки, сите датуми од овој милениум мора да бидат децидно наведени или со недвосмислени алгоритми или изведени заклучоци;
г) 2000-та мора да се смета за преодна година во поглед на 29 февруари и 366-тиот ден;
д) 9 септември, 1999-та мора да признат како тој датум.

ОПШТИ УСЛОВИ ШТО СЕ ПРИМЕНУВААТ ЗА СИТЕ ДЕНОВИ

1. Ваши обврски

Вашите обврски се:

1.1. Да ги преземете сите потребни мерки за да ги избегнете или минимизирате загубите, штетите, онеспособувањата или одговорностите;

1.2. Да ги одржувате деловните простории, вградени делови, опремата и уредите во добра состојба;

1.3. Да се придржувате кон сите статутарно обврски, според законот и регулативите донесени од државните органи за безбедноста на луѓето или имотите;

1.4. Да се обезбедат документи за инспекција за целата опрема и да бидат заверени според статутот и регулативите.

2. Придонеси

Ако за време на која било загуба, штета, одговорност или повреда постои и друго осигурување без разлика дали се однесува на вас и/или на друго лице или на лица на истиот имот, не сносиме одговорност да исплатиме или дадеме придонес повеќе од нашиот дел од учество во таа загуба, штета или одговорност.

3. Погрешно претставување и невистинитост

Ако:

3.1. Не откриете која било работа за која сте должни да ја објавите;

3.2. Сте направиле погрешно претставување пред да се склучи договорот за осигурување;

3.3. Како последица на тоа немаше да се склучи договор со иста премија и условите наведени во полисата:
а) нашата одговорност во поглед на која било штета ќе биде помала за сума што ќе нè стави во иста позиција во која ќе бевме ако не настанеше погрешно претставување или неоткривање на сите податоци;
б) ако прикривањето и погрешното претставување биле лажни, полисата може да се отфрли.

4. Измени

Не сносиме одговорност за загуба, штети и одговорност настанати од какви било измени по започнувањето на важење на оваа полиса, освен ако нема писмено одобрение за тоа.
4.1. Во начинот на спроведување на трговијата или производството или каде што природата на дејноста на осигуреникот или другите околности влијаат на осигурениот објект или го содржат осигурениот имот се изменат на таков начин што би се зголемил ризикот на штета или можноста за штети од одговорност;

4.2. Со што вашиот интерес престанува по желба или по законски извршување;

4.3. Каде што бизнисот е заклучен или спроведен од несолвентен извршител или трајно прекинат.

5. Откажување

5.1. Полисата може да се откаже во кое било време и во тој случај ние ја задржуваме премијата за времето додека полисата била во сила;

5.2. Полисата се откажува со писмено известување;

5.3. Полисата се откажува со правилата и регулативите од законите за супервизија на осигурувањето и за облигациони односи на Р. Македонија;

5.4. Откажувањето на полисата ќе важи во зависност од тоа кое од следниве ќе се случи прво:
а) моментот кога полисата ќе се замени со друга полиса;
б) 0:00 часот до 30-тиот работен ден откако е дадено писменото известување.

5.5. Кога ние ја укинуваме полисата ќе ви го исплатиме на ваше писмено барање делот од премијата за неистечениот период од осигурувањето од денот на откажувањето.

6. Друго осигурување

Треба да доставите писмено известување за друг вид осигурување или осигурувања кои влијаеле или кои може да влијаат врз полисата, било на целиот или на дел од осигурениот имот.

7. Промени во полисата

Никакви промени во полисата нема да важат без наше писмено одобрение, ниту, пак, барањата за кој било дел ќе се сметаат за откажани без писмено одобрување.

8. Пренос на интерес

Не може да се направи пренос на интерес во полисата без наша писмена согласност.

9. Автоматско поставување

9.1. Откако ќе се потврди одговорноста за штета или загуба (освен во делот за вкупна загуба во делот на имоти, или штетите што се однесуваат на одговорност по производи), ние автоматски ќе ја утврдиме сумата на осигурување според сумата прикажана во полисата во времето кога настанала загубата.

9.2. Ако се побара дополнителна премија, ќе мора да ни платите, или покритието ќе се намали за сумата на ликвидирање на штетата.

ОТШТЕТНО ПОБАРУВАЊЕ

Што мора да направите ако имате отштетно побарување по оваа полиса:

Мора да се следат постапките ако се случи нешто што може да предизвика загуба, штета или повреда кои може да доведат до отштетно побарување. Ако не ги почитувате, тогаш ние може да го одбиеме вашето отштетно побарување, или да го намалиме износот на исплата.

1. Кога ќе настане штета или загуба, вие мора:

а) Да ги преземете сите потребни мерки да ја намалите штетата или да спречите понатамошна штета;
б) Да доставите веднаш целосен извештај до полиција ако:
- Знаете или се сомневате дека имотот е украден;
- Некој има провалено во вашите простории;
- Некој предизвикал злонамерна штета на вашиот имот;
- Вашиот имот е оштетен од пожар или експлозија.

в) Да не признавате никаква одговорност, понуда, ветување или исплата во врска со кој било настан ако:
- не известите навреме за штетата било по телефон или лично;
- го сочувате оштетениот имот и истиот да биде достапен за контрола од наш претставник или агент (вклучен и проценител на штета);
- не давате овластување никому за поправка или замена на што било без наше одобрение.

2. Ако сакате да поднесете отштетно побарување мора:
а) Да го пополните нашиот формулар за штети;
б) Да го доставите до нас во рок од 3 дена од настанот за кој барате отштета;
в) Да ги доставите сите информации и документација која се бара од наша страна. Вие мора да ни ја дадете статутната декларација во која се потврдува вистинитоста на вашето отштетно побарување и какви било работи поврзани со тоа;
г) Веднаш да ни ги испратите сите судски документи или друг вид комуникација што ќе ги добиете во врска со штетата. Не преземајте никаква активност од ваша страна ниту, пак, да ангажирате друго лице да го направи тоа во ваше име.

3. Процеси и преговори

3.1. Ние ги контролираме сите штети;

3.2.
Бараме од вас да ни ги доставите сите информации и потребната помош околу:
а) процената и ликвидацијата на штетите или
б) надоместокот од други, за која било сума што сме ја платиле за штетата;

3.3. Мора да ни дозволите:
а) да прифатиме процена и ликвидација на штетата во ваша корист;
б) да започнеме постапка во ваше име против друго лице за да се надоместат исплатите што сме ги направиле за штетата. Ја задржуваме секоја сума што сме ја повратиле пред вашето право за поврат на износ што сте го изгубиле и кој не е осигурен со оваа полиса.

4. Ослободување од нашите одговорности
Во секој момент можеме да ви ги исплатиме вам или во ваша корист сите штети настанати по еден настан и тоа:
а) сумата на осигурување или кој било друг лимит на одговорност во делот во кој е направена штетата по одбивање на износите што веќе се исплатени за нерешените штети по тој дел;
б) која било помала сума со која штетата може да биде разрешена.

Ако го направиме тоа:
- водењето на нерешените штети ќе биде на ваша одговорност;
- ние не сносиме одговорност да ви исплатиме понатамошни суми освен трошоците и издатоците договорени да се платат пред да се изврши исплатата што се однесува на горенаведеното.

5. Лимити и учество во штета

5.1. Нема да платиме повеќе од лимитот на одговорноста или сумата на осигурување во поглед на која било штета;
- други трошоци освен оние што се идентификувани за платливи како дополнение на лимитот на одговорност или сумата на осигурување или;
- освен ако не се договориме написмено да се платат правните трошоци поврзани со штетата.

5.2. Мора да се одбие износот на вашето учество во штета во износот наведен во полисата за секоја штета што ќе ја направите.

5.3. Ако претрпите штета која може да доведе до оштетување по повеќе од еден дел од оваа полиса:
а) се одбива највисокиот износ на ваше учество;
б) се одбива само едно учество во штета.

6. Инспекција и спасување

6.1. Мора да ни обезбедите пристап до вашиот имот и локација, или да ги направите достапни за нас, да направиме инспекција ако поднесете побарување.

6.2. Мора да ни дозволите да го преземеме оштетениот имот и разумно да се однесуваме со него. Ако не го земеме оштетениот имот, вие може да ги откажете вашите обврски кон имотот.

7. Други осигурувања

Во моментот кога ќе направите отштетно побарување, мора писмено да нѐ известите доколку имате и друго осигурување или правна обврска, кои важат за вашата штета.

8. Надоместок

Кога настанатата загуба е платена според оваа полиса и исто така може да се наплати по друга полиса, а ние сме платиле повеќе од вашиот проценет дел, го задржуваме правото да побараме надоместок од друг/и осигурител/и.

9. Лажни штети

Ако вие или некој во ваше име направи лажна штета, или намерно предизвика штета или загуба, ние можеме:
а) да одбиеме да се плати штетата;
б) да ја намалиме сумата за исплата;
в) да ја откажеме полисата;
г) да поведеме спор против вас.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. Постапка по приговори

Во случај осигурителот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од осум дена од приемот на писменото известување од осигурителот до Второстепената комисија за решавање штети по приговор, што е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

2. Постапка по жалба

Договарачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија во осигурување како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

3. Решавање спорови

Евентуалните спорови што би произлегле од договорот за осигурување договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не дојде до спогодба, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

**Претседател на Управен одбор**

**Марко Микиќ**

ГРАВЕ НЕЖИВОТ Скопје